# БУКВАРЧЕТО НА ЕМИЛИНА

## РАНА ДЕТСКА ПИСМЕНОСТ
## (3 - 6 години)



Д-р Марија Емилија Кукубајска

ЕМАРИ

# Б У К В А Р Ч Е ТО
# НА ЕМИЛИНА

РАНА ДЕТСКА ПИСМЕНОСТ
(3 - 6 години)

**Д-р Марија Емилија Кукубајска**

Второ издание

ЕМАРИ, 2015

**Д-р Марија Емилија Кукубајска**

**БУКВАРЧЕТО НА ЕМИЛИЈА**
**Рана детска писменост (3 – 6 години)**

**Издавач**
ЕМАРИ Институт, 2015, Штип, Република Македонија

**Директор:**
М-р Александар Донски

**За издавачот**
Д-р Марија Емилија Кукубајска, претседател

**Рецензија**
Проф. д-р Соња Петровска
Проф. д-р Виолета Димова
Проф. д-р Душко Цацков

**Лектор:**
Даница Гавриловска Атанасовска

**Технички уредник/дизајн на корица**
Горан Велков

**Печатница**
ИДЕАЛ-ГРАФИКА, Штип, 2015

Фото – предна корица:
*„Спремна сум, од линии и кругови ќе пишувам букви“* (ЕМАРИ архива)
Фото – задна корица: *„Нашите цвеќенца пред градинката“,* Еми и Влатко, сега раперот Панчо (ЕМАРИ архива)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
811.163.3'271.16:003.349

КУКУБАЈСКА, Марија Емилија
Букварчето на Емилина : рана детска писменост : (3-6 години) /
Марија Емилија Кукубајска. - Штип : Емари институт, 2013. - 46 стр. ; 21 см
За авторот: стр. 45-46

ISBN 978-608-4726-15-9
COBISS.MK-ID 98037002

# СОДРЖИНА

Предговор: Д-р Марија Емилија Кукубајска .................. 5

Од рецензиите: ........................................................... 9
Проф. д-р Соња Петровска
Проф. д-р Виолета Димова
Проф. д-р Душко Цацков

Што би рекле децата: ................................................... 11

1. А ....................................................................... 13

2. Б ....................................................................... 14

3. В ....................................................................... 15

4. Г ....................................................................... 16

5. Д ....................................................................... 17

6. Ѓ ....................................................................... 18

7. Е ....................................................................... 19

8. Ж ....................................................................... 20

9. З ....................................................................... 21

10. Ѕ ..................................................................... 22

11. И ..................................................................... 23

12. Ј ..................................................................... 24

13. К ..................................................................... 25

14. Л .................................................................. 26
15. Љ .................................................................. 27
16. М .................................................................. 28
17. Н .................................................................. 29
18. Њ .................................................................. 30
19. О .................................................................. 31
20. П .................................................................. 32
21. Р .................................................................. 33
22. С .................................................................. 34
23. Т .................................................................. 35
24. Ќ .................................................................. 36
25. У .................................................................. 37
26. Ф .................................................................. 38
27. Х .................................................................. 39
28. Ц .................................................................. 40
29. Ч .................................................................. 41
30. Џ .................................................................. 42
31. Ш .................................................................. 43
За авторот: ........................................................ 45

**ПРЕДГОВОР**

Круговите и линиите, како сонцето и зраците, се основните форми вградени во македонската кирилична азбука. Различната должина и позиција на додатни линии и полукругови ги дооформуваат буквите во азбуката.

Како што е употребата на разни позиции на знаците во создавањето на првите букви, така и местото и улогата на родителите и учителите во описменување на детето се исклучително значајни во првото и најоригинално детско доживување: пишувањето.

Во оваа мала книга за големиот детски потфат: најрано описменување, се обидов да го претставам преку имагинативна игра оформувањето на знаците во букви. При тоа, умствената игра ќе им го олеснува и обезбедува на нашите најмлади ученици на македонската писменост тоа најголемо прво креативно чудо, *пишувањето*, кое ќе има трајна и незаменлива животна употреба. Преку *играта* со сериозните инструменти, буквите, со кои ќе ја *програмираат* азбуката, децата ќе се подготвуваат и пред време да го издигнат својот капацитет на спознавање за со тие напреднати способности да ги следат идните програми во образовниот систем.

Денес компјутерот го ангажира и умот и рацете на детето во брза манипулација и компутација со слики и податоци на мониторот, со што и менталните и мануелни способности на детето се упатуваат кон нови правци во стекнување и вежбање на писменоста и когнитивноста. Меѓутоа, употребата на раката сепак и сѐ уште останува незаменлива. Таа ангажира други локации во сферата на мозокот и емотивниот склоп на детската координација меѓу сопственото интелектуално и *рачно производство* на буквата и нејзиното служење во потрага по бескрајните *страници* на податоци.

Рачното изведување на првите писмени форми и пиктограми во *детството на човековата цивилизација*, опстанало од предисторијата на човековото бележење на идеи во знаци и подоцна низ букви и азбучни системи. Меѓутоа, и по илјадници години на цивилизациска писменост, сепак не е време компјутерот да ја потисне кај денешното дете сѐ уште неопходната интеракцијата меѓу раката и умот.

Затоа сакам да го споделам со вас, почитувани корисници на овој скромен, но сметам и не помалку значаен материјал - моето уверување дека не е прерано да се воведе во предметните програми на претшколските установи и градинки - изучувањето на овие лекции за описменување на детето веќе од тригодишна возраст.

Денешната изложеност на детето на кибернетски, роботички медиуми за игра и учење ги има издигнато неговите способности, можности и познавања на ниво кое не може да се спореди со ниедно во историјата на детската култура на однесување со азбуката. Тие развојни разлики веќе нудат реална основа за прифаќање на овој

процес: почеток на изучување на азбуката во рана возраст и преку посложено интегрирање на методите: 1. Визуелна идентификација и 2. Вербална, звучна артикулација. Овој процес максимално го поедноставив, имајќи за цел да го мотивирам детето на заинтересираност и ангажираност кон квалитетни резултати.

Уметноста и техниката на рачно пишување не смее да се изгуби по компјутерските патишта, иако покрај нив рачното *создавање букви* веќе може да им се чини застарено и на најмладите ученици. Целна група за ова иновативно издание се децата од најрана предучилишна возраст, токму поради ургентната потреба да се спречи можниот одбивен однос на детето кон користење на раката и конвенционалната тактилност во однос на книжното наместо целосно компјутеризираното пишување и комуницирање на информациите.

Бројните образовни показатели за дидактичките и психолошките потреби на детето да не го користи компјутерот како единствен медиум за учење на првите букви, верувам ќе го оправдаат и ова конвенционално, а сепак иновативно рано рачно *креирање* на буквите од страна на нивните корисници – децата со само 3, 4, 5 или 6 години. Поместувањето на границата за порано описменување е обусловено од поместувањето и на детската интелектуално-технолошка кондиција и перформанси.

Електронското учење преку анимирани игри и виртуелн активности доволно ги има унапредено детските потенцијали што возраста од три до пет години веќе стана природен интервал за апсорпција и на активноста *рачно пишување*, иако и без влијанието на електронската технологија детскиот ум има вградено интелектуални можности да чита и пишува и на три до четири години. Тоа веќе се докажува и со теоретските и емпириските истражувања на Харвард, во Националниот институт за здравје во САД (NIH) и од бројни проекти и лични искуства.

Значењето на ваквата прва азбучна вежбанка за рана детска писменост се нуди и како своевидна превентивна литература за навремено урамнотежување на социо-психолошкиот развој на детето: учење во продлабочена, квалитетна духовно-емотивна близина со родителите и фамилијата, а во време кога детето е изложено на сѐ поагресивното компјутеризирано, инстантно, но и отуѓувачко „описменување“ со *допирање* само на екраните, без користење ниту на тастатурата.

Досега најчесто практикувано меморирање во аквизиција на описменувањето се спроведувало преку асоцијација на зборови со почетната буква во нив: поврзување на звукот, знакот и името на конкретна или апстрактна именка, пр.: М – маче; А – атом. Во „Букварчето на Емилина“, именките се поврзани со лични имиња, за децата да се ангажираат во пишување на сопственото име. Македонските лични имиња во оваа вежбанка на македонската азбука се *здружени* со имиња од етничките заедници во

Македонија:  албански, турски, ромски, српски како и имиња со меѓународно потекло, со што се застапува мултиетничката поставеност во македонската држава.

Ова *букварче - вежбанка* користи поинаков пристап кон образовниот процес кај малото дете, од причина што тоа денес има поголема потреба од сопствена конструктивна и креативна улога, покрај наведената, силно нагласена потреба од интерперсонална близина: дете - родител и/или дете - учител. Во ваквиот пристап кон *градење на буквите* детето ќе може да ужива под непосредно менторство на својот родител. Родителот е тој прв и сепак *доживотен* учител кој е најнепосредно, и во некои фамилии - постојано достапен во омилената домашна средина. Иста е потребата од хуманизирани односи во технологизираната средина и во текот на описменувањето спроведувано во претшколските установи.

Паралелно со моќно делотворната интеракција на детето со апстрактниот систем на писменост, живите субјекти: мајката, таткото и членовите од семејството, како и наставниот кадар во детските градинки, ќе можат заеднички со детето да го уживаат градењето на незаменливо потребните лични, меѓучовечки односи. Тоа е најскапоцената додадена вредност што треба да се стекнува во раниот детски развој, особено кога *живото учење (не само дигиталното)* се критично потиснати од тешко контролираната конкуренција на кибернетиката. А резултатите од нејзината неконтролирана и нефилтрирана адиктивност и штетност веќе (по)стануваат социо-културолошки, емотивен и етички проблем.

Ова букварче ви го посветувам вам, сакани дечиња, за да ја зачувате вашата органски здрава умствена спремност за стекнување нови знаења. И вам и на вашите „асистенти“ ☺ - родителите и учителите, ви посакувам среќен пат по линиите и круговите на македонската азбука, од новата 2015 година понатаму. Штом ќе стигнете до крај на сите букви во македонската азбука, погледнете: веќе го имате исцртано тој чудесно моќен пат поплочен со знаци кои ве водат до бесконечни откритија и на други азбуки, а преку нив и на сите знаења на светот. Буквите ќе ви бидат клучиња кои не се губат или заборавaат. Со нив ќе ги отворате световите на реалноста и фантазијата преку содржини во книгите и учебниците, низ годините што вие самите ќе ги исполнувате со напишана и прочитана моќ на мислата, мисла која се множи со секое ново знаење што ќе го освојувате после вашето прво и трајно описменување.

Нека азбуката ви служи за успешен пат низ тој чудесно сложен, а сепак толку мал и едноставен свет на нашата мала планета Земја, таа прекрасна тиркизна топка на небото од бескрајни тајни кои ве чекаат да ги откривате – почнувајќи со азбуката.

Нека „Букварчето на Емилина“ биде посветено на сите претшколски дечиња во Македонија и на сите возрасни кои планираат да се вклучат во тоа *одгледување и култивирање* на најделикатната и неповторлива култура на цивилизирање на

поединецот и општеството, што отпочнува најнапред во чувствителниот ран детски живот. Нека родителите и учителите им ги посветуваат своите најблагородни напори и љубов на своите постојано просветлувани нови генерации и покрај убедувањата на атеистите дека не постои љубов, ниту родителска љубов, туку само корист и утилитаризам низ релативизирани промени во ситуационата и секуларна етика. „Букварчето на Емилина“ нека биде доказ дека генот на Бог се наоѓа и во мали и во големи потфати на детето, на надареното дете, идниот успешен човек. Букварчето нека биде и дел од поддршката за употреба на македонската азбука и кирилицата во светската писмена информација и комуникација.

**Д-р Марија Емилија Кукубајска**

(поранешен директор на претшколските установи со програми за рана детска писменост: 1. „Prime Preschool and Kindergarten“, North, Hollywood, Los Angeles и 2. „The B-Right House“ - EMARI, Arlington, Washington D.C.)

Белешка:

Овој ракопис посакав да го составам кога ја запознав четиригодишната Илина. Еден прекрасен пролетен ден стигнав во нејзината куќа преку свежо зелениот, цветен македонски двор, во селото Долни Подлог, предградие на Кочани. Во тој двор фамилијата на Илина, прадедовците, прабабите, дедовците и бабите и родителите, `и беа создале дом посовремен од многу куќи во Америка, каде мајка `и Фросина престојуваше за време на студиите по англиски јазик, заедно со својот сопруг, Дејан. Обидувајќи се да ја вклучам Илина во корисна и забавна активност, тој ден добив желба, и потреба да бидам упорна за тоа македонско девојче да може да постане описменено за едно лето, за да побрза да почне да се натпреварува со другите деца во градинката што ја очекуваше, за да биде една од ретките деца во нејзината околина.

Букварчето го поставив за еден ден, но од тогаш до денес, и јас, на 65 години, го доусовршував, иако тоа навидум е толку лесно составено. Така и со насловот на букварчето: го отпочнав со Илина, па му додадов едно М, за Милина, но и едно Е ми побара да стои поради мислата „Илина е и Милина“. Тоа Е беше неизбежно и за името на мојата ќерка Еми, за потоа во таа една именка да се содржат и двете имиња - ЕМИЛИНА, но и поради третата причина: да се препознаат дури и пет други имиња во ЕМИЛИНА: Еми, Емили, Илина, Лина и Ина. Сите имиња сакаа да ми кажат: „Ќе биде милина да се учат и буквите и имињата и идеите во оваа прва книга - расадник на семињата на знаење и запознавање, на себе си и останатите.

Вашата *учителка*,
Марија Емилија Кукубајска

(2014-15 година, Кочани-Штип-Скопје)

**ОД РЕЦЕНЗИИТЕ:**

**Професор д-р Соња Петровска,** Декан на Факултетот за образовни науки, УГД - Штип, Катедра по педагодија

„Букварчето на Емилина" ќе биде и милина и мотивација за интелигентно и најрано описменување на детето. Авторот Кукубајска ја има сублимирано и систематизирано својата внимателна и одговорна грижа за просветување на најмладите. Овој буквар е и вежбанка и сликовница. Составен од знаци и букви и осмислен да биде серија од почетни инструкции и лекции за пишување и читање, букварот дава насоки за силно инструкциско делување на поучувачите и овозможува лесно учење преку вклучување и развој на перцептивните способности на децата, претставите, па се до формирање на поимот за буква и глас и совладување на техниката на пишување. Оваа наставно-стручна литература претставува стимул за реален ангажман на детските когнитивни способности на досега непокриена рана возраст на описменување. Со ваква дидактичко-уметничка литература детето ќе има можност за прв пат во Македонија на најрана возраст да ги вежба и раката и разумот, и визуелните и вербалните спојувања на слика со звук и глас, и на знак со значење.

**Професор д-р Виолета Димова**, редовен професор по методика на наставата по книжевност, и поранешен декан на Филолошки факултет, УГД – Штип

Идејата на д-р Марија Емилија Кукубајска да напише една ваква книга, која со својата дидактичка намена ја надминува основната цел – описменување на децата од 3-6 годишна возраст, е нешто што внесува иновативна свежина во дидактичкиот пристап кон децата од најмала возраст. Но она што е особено важно за оваа книга е тоа дека д-р Кукубајска внесува една нова емоционална интелигенција во односот на родителите/учителите кон децата и заемна интеракција, што е од најголемо значење за успешно совладување на првите препреки при изучувањето на вештината на претворањето на „цртичките" и „реските" во букви. „Букварчето на Емилина" им помага на децата, не само да ги вежбаат рачињата, туку и да го вежбаат мислењето и самоосознавањето, сознанието и односот кон другите, свеста за поврзаноста на звукот и сликата, односно за фонемата и за буквата. Авторката многу вешто ја истакнува вредноста и предноста на тактилните сетила наспроти технологизацијата како и важноста на визуелна идентификација и вербалната, звучна артикулација како основа за описменување на децата од најмала возраст, уште во предучилишните установи –

градинките. Ако се запрашаме: Зошто е важно детето уште на 3 години да почне да се описменува или пак: Не е ли премногу рано да се оптоваруваат уште на оваа возраст децата да ги учиме да пишуваат – одговорот ќе ни го даде токму оваа книга. Д-р Марија Емилија Кукубајска смислила на едноставен начин и низ игра, лесна и забавна да ги научи децата преку различните лични имиња да се осознаваат и самите себе, но и да се запознаваат со другите деца околу нив, кои припаѓаат на други етнички и различни културни заедници. А сето ова е вешта „замка“ за научување на буквите да се читаат, но и да се пишуваат. На овој начин постигнати се и образовните и дидактичките – воспитните компоненти, кои се неопходни во секој воспитно-образовен систем, чиј темел започнува секако, од најмала возраст, поточно во градинките, кога децата зачекоруваат во светот на сликите, боите и на звуците.

**Професор д-р Душко Цацков:** Поранешен декан на Педагошкиот факултет, УГД - Штип, Катедра за детска литература

„Со оваа мала-голема книга, необично надарената македонска писателка, поетеса и сестран интелект, Марија Емилија Кукубајска, подарува една ново дизајнирана, поинаква и навидум едноставна, но интелигентна алатка за најрано описменување со македонската кирилична азбука. Како лесното отсекување на Гордиевиот јазол, Д-р Кукубајска го пресекува шаблонот на правење цртанки за букви или составување на *букварче*. Во успешен спој на пишување и учење линии и форми, таа со сигурност и занимливост го води детето низ формирање на буквите и низ размислување за нив. Нејзиниот метод во оваа книга му овозможува на детето со леснотија да ја совлада за него најтешката работа: учење на азбуката како форма на суштината на пишаниот израз: мислата, без да ја почувствува сложеноста на учењето на првите букви. Поетскиот дух на Кукубајска е вграден и овде, во пишување на првите букви, таа суптилна супстанца која се гледа и слуша и од оваа образовно-уметничка литература за најрана детска возраст. Во обемниот опус од многу области, авторот ни го носи и овој најнов прилог во македонската книжевно-учебникарска дејност. „Букварчето на Емилија“ во овој период треба да се прифати како најефикасен современ инструмент за описменување во најрана возраст: учење на македонската азбука. Ова издание претставува поле за писмен натпревар меѓу најмалите деца на Македонија, натпревар низ умствена игра оформена од секогаш иновативниот дух на Марија Емилија Кукубајска, која дебитираше како најкреативен ерудит од нејзината книжевна генерација на 1970-те години во Македонија. Милиони македонски деца во иднина ќе ѝ благодарат за овој подарок. Среќно описменување!

**ШТО БИ РЕКЛЕ ДЕЦАТА, КОИ СЕУШТЕ НЕ СЕ "Bridnet Brids"**

**Анастасија Јовева: 5 години,** ќерка на д-р Елена Јовева, Факултет за медицински науки, УГД и д-р Марјан Јовев, Клинички центар, Штип: *„Сакам да си ги правам сите овие цртички и кругчиња, оти ... на разни страни си ги пишувам и еве, прават една буква, и друга буква ... и ... разни буквички што ми требаат, освен бројките."*

**Тина Миташева: 6 години,** ќерка на проф. Заге и д-р Влатко Миташев, Претседател на Собранието на Општина Штип: *„Тато и мама со стетоскопот прават: диши – не диши, диши – не диши. А јас? ... Јас можам со овие букви да правам зборче, па име, па зборче, па... да разбирам што пишува ... во сииииите  книги на светот."*

**Илина Стојанова: 4 години:** ќерка на Фросина Јованова Стојанова, втор циклус на студии, УГД и Дејан Стојанов, советник во СО Кочани: *„Јајце по јајце – и еве ти тортааа! Е па и дете по дете – и ете ти - цел клас децааа. А буква по буква и – ќе имам цела една азбука! Уф, кој да пишува! Е па јас? Не е лесно, ама – не е баш ни тешко!"*

**Мила Гичева: 6,5 години:** ќерка на проф. д-р Владо Гичев, декан на Факултет за информатички науки, УГД, Штип и г-ѓа Гичева: *„Со овие буквички јас сама ќе си правам мое копјутерче во тетратката, мои букви и ...  азбука!. И сликичките и игрите на телефонот ми се интересни. Хм. Ама сега ќе си правам буквички баш со овоа букварче. А нели може и букварчето да влезе во  компјутерот!?"*

**Оливер Алексов Даневски, 7 години:** син на студентка на втор циклус студии, Билјана Алексова Даневска,  УГД, ФФ и Кире Алексов Даневски, капетан, АРМ: *„Тато во Авганистан пукаше во некои непознати опасности, погодуваше непријатели. Ама јас,  со овие букви - ќе погодувам како да правам добри слагалки - со цртички и кругчиња, и состави ... Камо да видам? Ауу, ама јас ги знам сите овие букви! Чекај сега на овој начин да ги повежбам."*

# А - 1

**Александар**

Коса линија налево, озгора /////////////

////////////////////////////////////////////

и друга коса озгора, надесно \\\\\\\\\\\\

\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\\

а потоа права  _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

_  _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ во средината

ставам и еве -  буквата А ја правам: Ааа!

А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А

А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А

А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А

А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А А

# Б - 2

**Билјана**

Прво правата линија, горе, положена

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Потоа права, подолга, одгоре додолу

I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I

па едно полукругче од средината

ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ

оддесно, до дното на правата линија.

Види колку лесно се пишува буквата Б!
Во зборчето Б А Б А, на пример? Б А Б А!

Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б

Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б

Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б

Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б Б

# В - 3

**Виолета**

И овде една права долга линија

I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I

исправена, со две полукругчиња, едно врз друго, десно од правата линија

3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3 3

Како бројот 3, или ... како буквата
во гласот на моето кученце: АВ, АВ, АВ!

В В В В В В В В В В В В В В В В В В В В В В

В В В В  В В В В В В В В В В В В В В В В В В

В В В В В В В В В В В В  В В В В В В В В В В

В В В В В В В В В В В В В В В В В В В В  В В

# Г - 4

**Горан/а**

Пак ли правиме една  исправена линија? I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I

Е па лесно, нема лево, нема десно ☺.

Само уште друга, мала линија останува десно да се допише на врвот положена.

Еве, и буквата Г не е тешка, ни сложена.

Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г

Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г

Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г

Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г Г

# Д - 5

**Даниел/а**

Оваа буква ми личи на А,

ама правата линија

е на дното наместо на средината.

Како едро на кајче, нели мајче!?

Или како во зборот за мојата ДАДА. Да!

Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д ДД

Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д

Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д

Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д Д ДД

# Ѓ - 6

**Ѓорги**

Уште еднаш: една долга исправена

I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I

и една положена линија над неа, десно од онаа што е права - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - а над положената и една коса цртичка се става ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘

Ми личи на мало перце или на роса.

ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ
ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ

ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ
ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ ѓ

# Е - 7

**Емил/ија**

Е, од оваа буква има ли

полесна, и помило да звучи? Ками жи.

Права, права правам I I I I I I I I I I I I I I

I I I I I I I I I I I I I I I I I I а потоа само прави

три линии додавам:

≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡ ≡

положени како три скалички една над другa. И еве Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е

Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е

Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е

Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е Е

# Ж - 8

**Жарко**

Одново три линии I I I   I I I   I I I   I I I   I I I

сега заедно. Па помала линија на
средината - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -
Личи на прозорче без рамка

ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ ⵌ

А може и вака: Х со линија I низ него

Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж
или со полукругови нагоре и надолу
свртени, коренчиња божем, надолу и
нагоре изртени, и линија низ нив  I.

Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж ЖЖ Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж
Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж
Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж
Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж Ж

# З – 9

## Зоран/а

Зарем ова е З? Зуи како звук на осата,

З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З

Како две полукругчиња во буквата В.

З го гледам и во број З и во зборчето ЗАБ. Колку лесно!

Букварчето станува сѐ поинтересно.

З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З

З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З

З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З

З ЗЗ З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З З

# Ѕ - 10

## Ѕвонко

Ајде да видиме што гледаме сега,
што се крие пак во овој знак?

Едно полукругче одлево, како лак.

с с с с с с с с с с с с с с с с с с с с с с с с с

Па друго полукругче оддесно,

ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ

и заедно - како пајче што плива. Бива?!
Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ
Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ
Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ
Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ Ѕ

# И - 11

**Илин/а**

Или ова е лесно или што друго!

Само повторувај: две прави,

I I  I I  I I  исправени, а третата линија

помеѓу нив - коса, надесно, нагоре / / / /

Како косата линија кај буквата А. Аииии!

И И И И И И И И И И И И И И И И

И И И И И И И И И И И И И И И И

И И И И И И И И И И И И И И И И

И И И И И И И И И И И И И И И И

# Ј - 12

**Јован/а**

Како бастунче надолу свртено.

Прво една права линија се става

озгора - надолу  I I I I I I I I I I I I I I I I I I

па продолжува истата налево, долу,

Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј

како кука за ловење риби, како ........

шеќерно бастунче, новогодишно.

Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј

Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј

Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј

Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј Ј

# К - 13

**Кирил**

Линии, линии ... и во оваа буква.

Многу линии има во печатните букви.

Добро. Одново: линија права | | | | | | |

па мала, коса, оддесно, озгора
се става до средина на големата / / / / /
/ / / / / / / / и уште една коса, одлево
надесно, од средината - надолу \ \ \ \ \

К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К
К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К
К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К
К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К

# Л - 14

## Лидија

Оваа буква за името Лидија, ми личи
и на буквата А, но без линија
на средината. Една коса надесно,
нагоре / / / / / / / /  другата – озгора
надолу, надесно, до дното \ \ \ \ \ \ \ \ \
и еве го целото Л. Ако пак Н го заменам
со Д: од лиНија добивам Лидија? Хм!
Нова слика. Нова разлика.

Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ

Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ

Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ

Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ Λ

# Љ - 15

**Љупчо**

И овде нема ништо тешко да се учи:

косата линија надесно, нагоре / / / / / / /
и исто коса надесно, надолу \ \ \ \ \ \ \ \
а на дното од неа, надесно: полукруг

ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ - Љ.

Како буква за љубов - за мама и тато,
за дада, дедо, баба, бебе, бато ... ☺

Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ

Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ

Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ

Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ Љ

# М - 16

## Марија/н

Има познати линии и во оваа буква, но на нови места употребени I I  I I  I I

Ги познавам и двете прави црти, а меѓу нив и двете коси: крилца од пеперутка \/ \/ \/ \/ \/ од пиленце \/ \/ \/ \/ \/ или ... лулашка \/ \/ \/ \/ \/ \/ \/ \/ \/ \/ \/

ММММММММММММММММ

ММММММММММММММММ

ММММММММММММММММ

ММММММММММММММММ

# Н - 17

**Невена**

Брзам, брзам ... знам, и ова е познато за мене. Сепак ќе се обидам пак:

Две прави, исправени I I  I I  I I  I I  и една мала на средината – да ги поврзе,

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

да не се настранат, па да станат А. Ааа!?

Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н

Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н

Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н

Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н Н

# Њ - 18

**Њут**

И оваа буква е слична на буквата Љ, но

и кај неа правите линии  I I  I I  I I  I I

не се накосени како кај **Л** или А, а

го имаат и малото полукругче на дното,

надесно, како кај буквата **Љ**:

ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ

Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ

Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ

Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ

Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ Њ

# **О** - 19

## **Охридија**

Оваа е најлесната буква за мене.

Како круг **ООООООООООООООО,** како нула од бројките ОООООООООО, може и како тркалце, ООООООООООООООО како око ООООООООООООООООО како сонце, како О во името Охридија. Сите букви до сега ги знам, паметам!

ОООООООООООООООООООООООООО
ОООООООООООООООООООООООООО
ОООООООООООООООООООООООООО
ОООООООООООООООООООООООООО

# П - 20

**Петар**

И по сите линии, уште линии? Но и овие

во нови позиции I I I I I I I I I I

Прави две прави, исправени, и постави

една права озгора, како мало кровче

- - - и П ќе личи на масичка, на мостче

П П П П П П П П П П П П

П П П П П П П П П П

П П П П П П П П П П

П П П П П П П П П П

# Р - 21

**Ребека**

Одново - лесно! Една исправена линија

I I I I I I I I I I I I I со едно полукругче, надесно, озгора напишано,
до средината ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ ɔ

Колку добро одело учењето на букви, пишувањето. Полесно од пеењето.

Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р

Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р

Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р

Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р Р

# **С** – 22

## **Слободан/ка**

Одново половина кругче? Интересно!
Отворено кон десно, почнато одгоре,
заокружено кон лево на долниот крај,
на дното од буквата. Полумесечина?

Половина од бројката нула? Па? ... Да!

**с с с с с с с с с с с с с с с с**

**с с с с с с с с с с с с с с с с**

**с с с с с с с с с с с с с с с с**

**с с с с с с с с с с с с с с с с**

# Т – 23

**Теодор/а**

Толку ли била лесна и буквата Т!?

Со позната линија, а сепак различно составена. Една исправена I I I I I I I I и само уште една над неа, на средината _ _ _ _ _ _ _ Готова е и буквата што ми личи на ... ? Маса на една нога?

Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т

Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т

Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т

Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т Т

# Ќ – 24

**Ќамил/е**

Прво – буквата К ја пишувам, ја знам,

К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К К

и само уште една мала цртичка над неа додавам ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘ ‘

Повтори ја буквата К К К К К К К К К К К,

повтори ја и цртичката над буквата К, и:

Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ

Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ

Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ

Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ Ќ

# У - 25

**Урош**

Ми се чини азбуката е составена од кругови, линии и некои знакчиња, како во Ј или Ѓ. Една линија, коса, налево, озгора / / / / / / / / / / / / / / / / / / / друга – коса помала, озгора - надесно \\\\\\\\\\ \\\\\\ до средина на долгата. Како птица со опавче!? Уууу!

У У У У У У У У У У У У У У У У

У У У У У У У У У У У У У У У У

У У У У У У У У У У У У У У У У

У У У У У У У У У У У У У У У У

# Ф - 26

**Филип**

Фаќам да цртам одново една права

линија I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I I

Па на неа ставам круг

погоре од половината на линијата

OOOOOOOOOOOOOOOOOOOOOOOOO

Ф буква за зборчето УФ!? ☺ Фино!

Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф

Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф

Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф

Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф Ф

# Х - 27

**Христијан/а**

Ги знам веќе и кривата линија оддесно - налево, озгора - надолу / / / / / / /
и косата одлево надесно, озгора - надолу \ \ \ \ \ \ \ но не знаев дека на средината правеле крстосница со разминати линии, Х, Ха! Како икс? Х

Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х

Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х

Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х

Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х Х

# Ц - 28

**Цветан/ка**

Како превртено П? Прво вака можам -
да се потсетам на П П П П П П П П
па да го свртам тоа П Ш и да му ставам
мало знакче на десното дно,
како аголче од коцка земено. Охохо!

꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒ ꜒

Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц

Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц

Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц

Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц Ц

# Ч – 29

**Чедомир**

Како столче превртено, па исправено и свртено од **h** во Ч. Личи и на бројот 4. Да видам сега со линиите. Слично како кај Ц, но наместо аголче од коцка, исправам, издолжувам десна линија - Ч. Да, можам да си играм и со вакво програмирање на формите и буквите ...

Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч

Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч

Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч

Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч Ч

# Џ – 30

**Џон**

Правам две прави линии I I I I I I I I

па една мала _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ на дното

меѓу двете и – еве ми уште едно П, но

свртено на глава Ш, а на дното само

се става една цртичка на средината ı

Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ

Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ

Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ

Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ Џ

# Ш - 31

**Шахин**

ШШШШШШШШШШШШШШШШШ!

Па тоа е звук за знакот за тишина!
Да молчам и да пишувам, да учам! Шш!
Сите линии од Ш веќе ги познавам.

Еве, и последната македонска буква

ја ставам и букварче сам/а си правам.

ШШШШШШШШШШШШШШ

ШШШШШШШШШШШШШШ

ШШШШШШШШШШШШШШ

ШШШШШШШШШШШШШШ

# ЗА АВТОРОТ



**Д-р Марија-Емилија Кукубајска** (1950 - ), е македонски поет, есеист, писател, книжевен критичар, преведувач, професор по американска и англиска култура, цивилизација и литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Автор, преведувач или уредник на книгите: „Временија и Неоткрит“ (најдобра дебитантска книга поезија на Млада Струга, СВП), 1973; „Јаглен и Дијамант“ (поезија); “Соломон и Балкина“ (монодрама); „Антологија на современа индијанска поезија на САД“ (автор на превод од англиски и уредник на библиографски белешки, во соработка со Џозеф Бручек); „Можеби некогаш ќе се вратам - поезија на малтешкиот книжевник Оливер Фриџиери (автор на превод на македонски јазик); „Поезија - Анте Поповски“, превод на српски (со д-р Саша Петров); „Панорама на македонски поети по Втората светска војна“ – „Светска антологија на поезија“, уредник Кришна Сринивас, Мадрас, Индија (автор на превод на англиски и уредник на библиографски белешки; ТВ серија „Малиот одред“ (превод од македонски на српски јазик, ЈРТ, Белград); „Овошје за срцето“, (поезија), македонски и англиски јазик јазик; „Сакајте се луѓе“: 1. „Добрина и Ѕверот“, 2. „Гулаби и Ѓаволи” и 3. „Славеј и Змеј“ (поезија и проза, ЦД трилогија) македонски и англиски јазик; „Еми-Ноти: Вселена во вселената“, (интержанровска проза, есеи, поезија), македонски и англиски јазик; „Емико“, јапонска хаику поезија (на англиски јазик); „Зборник од Меѓународниот меморијален конкурс Емилија Кукубајска“, монографија за фамилијарни морални вредности во литературата (предговор, редакција); „Македонецот од Штип - Александар Кукубајски“, монографија (предговор, уредник); „Јазикот на Земјаните“ (епска поема, ЦД); „Екологија на македонската душа“ (интер-дисциплинарна збирка стихови и сликарски илустрации, Арт-По); 1-ва Глобална конференција на ОМД, Обединетата македонска дијаспора, Вашингтон; „Еми и Куклите“ (поезија); „Еми… куклите… цунами… небо“ (со хаику на македонски јазик); (добитник на меѓународната награда на Матица на иселениците на Македонија, „Грамота“ - за најдобра книга од дијаспората, 2011); „Две татковини – една љубов“ (видео, хрестоматија); „ИНТЕ(Р)Грации на ИСТОРИ-ЈАта“ (преиздавање на

двете први книги поезија, од 1973 и 1975 год.); „Слобода над Смртта“, мини есеи; „Биоетика во поезијата“/Bioethics in Poetry, двојазично научно-стручно и уметничко истражување во стихувана проза; “History of Anglo-American civilization and culture”, UGD e-publication; „Од фолклор до факти и фикција во евро-американската и македонската народна литература“, УГД е-издание; “Collection of Essays and Literary Criticism on American and British Postmodern Interpretations”; „Информирана согласност“, превод на “Informed Consent”, на македонски јазик, UNESCO Centre for Bioethics, Paris, France.

Автор на повеќе од 200 научни, стручни и уметнички трудови, есеи и критики, објавени или презентирани во земјата и странство: Австрија, САД, Русија, Израел, Италија, Швајцарија, Шпанија, Словенија, Србија, Турција, Босна и Херцеговина, Бугарија.

Доктор по фолклорна литература, од евроамериканската традиција (УКИМ, Институт за Фолклор). Магистер по современа англоамериканска литература со Фулбрајт стипендија (Chico State University, California, USA). Добитник на почесен докторат по литература, за споредбени истражувања на медитерански културни, книжевни и лингвистички наследства, (Меѓународна академија за уметност и култура, Светски конгрес на поети), Маракеш, Мароко.

Специјализации: Историја на културата и компаративна литература: Универзитет Ерланген/Нирнберг, Германија, стипендија на германската влада; Малтешка литература и творештвото на д-р Оливер Фриџиери, Универзитет на Малта, Ла Валета; Арапски поговорки: Универзитет Гарјунис, Бенгази, Либија; Етика и здравје, UCP – SCF, Лос Анѓелес, Калифорнија.

Ко-основач (со Емилија Кукубајска) и претседател на НВО ЕМАРИ Институт (Едукација за моралот, академски истражувања и историја на културата).

Основач на концептите 1. „Арт-По“, 1973, мултидисциплинарна интерактивност помеѓу визуелна и вербална слика и 2. „Екологија на душата”, 1981 год., за применета етика и морални пораки во литературата.



ISBN-978-608-4726-15-9